СКОПЈЕ

hit@ool

## БОГДАН ИЛИЕВСКИ, СТУДЕНТ НА АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

### Архибригадата нема да ја покорат

„Две шлаканици, три бокса и по некоја клоца“ не можат да предизвикаат затишје, зашто идеите се отпорни и на куршуми, а камоли на „две шлаканици“. Идеите мора да постојат, да се дискутира за нив и да се развиваат, да се прифатат или да се отфрлат, вели учесник на протестот од 28 март на плоштадот Македонија



Настаните од 28 март на плоштадот Македонија беа вонуставен акт, кога група граѓани се обиде насилно да го прекине мирниот и достоинствен протест на Првата архитектонска бригада. Чинот на насилство контра правото за слобода на говор најостро го осудуваме и оставаме на органите да ја спроведат постапката за правен и праведлив епилог на тие случувања, вели Богдан Илиевски, член на Првата архибригада во врска со протестот под мотото „Не силувајте го Скопје“, кој за дел од учесниците заврши со повреди.

Не е првпат Илиевски да заработи партиска етикета. Партиски препукувања имаше и во февруари минатата година, кога тој беше еден од организаторите на протестите за зачувување на уставното име. Тогаш Радмила Шекеринска го обвинуваше политичкиот опонент ВМРО-ДПМНЕ за замешаност во протестите. И тогаш, особено првиот пат кога целната група беа младите и будењето на нивната свест за значајните прашања во врска со иднината на земјата, стандардни беа обидите на дел од политичките структури да го обвинат „противникот“, занемарувајќи ја секоја можност за еден логичен и нормален изблик на младинска енергија и заземање став, вели Илиевски.

По протестот, ректорот на скопскиот универзитет Велимир Стојковски, на седница на Сенатот, одби да дискутира за случувањата од плоштадот. Оправдувањето беше дека на протестите немало студенти од универзитетот. Истиот заклучок го имаше и претседателот на Сојузот на студенти, Самоил Малчески. Раководството на Архитектонскиот факултет застана зад студентите по три дена, кога со индекси му докажуваа на ректорот дека станува збор за нивни студенти. Илиевски потврдува дека организацијата не била на Факултетот или на Студентскиот сојуз, но сепак смета дека со самото тоа што се студенти на Универзитетот и членови на Сојузот на студенти нормално е да очекуваат поддршка

НАСЛОВНА




НАЈЧИТАНИ

1.Масовните гробници погребани во заборав 4.809 посети

2.Политички ме егзекутираат 3.296 посети

3.Бит-Пазар ќе биде на ниво 2.780 посети

ПРЕБАРУВАЊЕ

dnevnik.com.mk

Барај со НАЈДИ!

Барај со НАБУ

Powered by nextsense webBuilder

ПРИЈАТЕЛИ НА ДНЕВНИК

ПРЕСПА

hit@ool




Ѓорчев и официјално на чело на Општина Кисела Вода

Пролетна дератизација во општината Центар

Ќе се следи присуството на алергени во воздухот

Колумна
Пораки од вториот круг
пишува: Теута Арифи

Едиторијал
Чиј ремен ќе се стега?
пишува: Горан Ризаов

Колумна
ММФ-спасител или злосторник
пишува: Виктор Трифуновски

ВРЕМЕ

| Понеделник | Вторник |
|---|---|
| мин-макс 4/23 | мин-макс 2/16 |

ХОРОСКОП

КУРСНА ЛИСТА

| | |
|---|---|
| EUR | 61.41 |
| AUD | 33.58 |

www.aber.net.mk
АВТО+
трговски СВЕТ
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ
K-15 PRODUCTION
МАКСПОРТНет
najdi.org.mk/blog
On.net
ШРЕМИН
Southeast European Times
TeleKabel
Мрежа ЖИВО НАСЛЕДСТВО
nabu.com.mk

од овие структури.

- Несфатливо е чувството на неодговорност, манифестирано од страна на ректорот. Ние не сме политичари за да се оградува од нас, со желба да не го замешува Универзитетот во политички прашања. Ние сме негови студенти, за кои, ако ништо повеќе, како ректор е должен да го брани до крај нивното уставно право да го искажат јавно својот став за одредени прашања. Во спротивно, човек би се прашал каков интелектуален потенцијал гради и поддржува Универзитетот, кога сака да се огради од своите студенти и нивните постапки, произлезени од нивното образование на Универзитетот кој тој го претставува - вели Илиевски.Тој го спомена и обидот за, како што вели, маргинализирање на случувањата од 28 март:

- Ќе ја повторам изјавата на еден непознат претставник на организација со непроверен легитимитет, наречена „Македонска студентска унија", според кој „две шлаканици, три бокса и по некоја клоца и не се некое насилство". Ние протестиравме за работи што се во доменот на наша стручна определба и поради одговорноста која ја носиме. И токму затоа „две шлаканици, три бокса и по некоја клоца" дефинитивно не се нешто што може да предизвика затишје и „покорност". Идеите се отпорни и на куршуми, а камоли на „две шлаканици". И идеите мора да постојат, да се дискутира за нив и да се развиваат, па да се прифатат или отфрлат. Во спротивно, ќе се доведеме во ситуација во која се' она во што веруваме и за што се залагаме да биде сведено на јалов обид за држење „до своето".

**Јован Постолоски**

USD 46.72
GBP 68.41
XML

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Ве молиме впишете ја шифрата и притиснете испрати

2373

Испрати

прва страна контакт © 2006 Дневник, сите права задржани